

**Вера Ацева**

Вера Дончева Ацева (24. XI 1919 – 10. XI  2006) е македонски политичар, партиски и државен деец, првоборец. По окупацијата на Југославија го раководела Воениот штаб за подготовки на оружентото востание на 11 октомври 1941 г. Под псевдонимоs Доста до 1943 г. илегално ги раководела партиските организации и востанието во Тиквешијата, Штип, Струмица и Скопје. Била заменик политички комесар на Македонско-косовската бригада. По Ослободувањето извршувала партиски и државни функции: член на ЦК на КПМ и на ЦК на КПЈ, член на Претседателството на АСНОМ и министер во македонската Влада. Била републички и сојузен пратеник, како и прваа жена градоначалник на Скопје.

Вера Ацева е родена на 24 ноември 1919 година во прилепското село Ореовец. Потекнува од истакнато революционерно семејство. Таа е внука на војводата Мирче Ацев, а нејзиниот брат Мирче Ацев исто така е партизан. Нејзиното семејство се занимава со земјоделие и поради лошата материјална состојба, таа е принудена да го прекине образованието. По завршувањето на вториот клас гимназија, таа се вработува во тутунската индустрија.

Како млада Вера стапила во напредното работничко и комунистичко движење. Во 1935 година, со 16 години станала член на Сојузот на комунистичката младината на Југославија (СКОЈ), а во почетокот на 1940 година станала член на Комунистичката партија на Југославија (КПЈ).  Во август истата година била избрана за член на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија, а од септември до ноември 1941 година била секретар на Месниот комитет во Прилеп.

По априлската војна во 1941 година и окупацијата на кралството Југославија, Вера Ацева го раководела Воениот штаб за подготовки на оружентото востание на 11 октомври 1941 г. Под псевдонимот Доста до 1943 г. илегално ги раководела партиските организации и востанието во Тиквешијата, Штип, Струмица и Скопје. На почетокот на 1942 година работела како партиски инструктор во Струмица, Битола, Штип и Скопје.

По стапувањето во Шарскиот партизански одред, од август 1943 година Вера била раководител на партиската организација, а во ноември истата година станала заменик политички комесар на Првата Македонско-косовската бригада. Во јануари 1944 година, како политички секретар на Третиот и Четвртиот обаластен комитет на КПМ, таа била испратена да раководи со Окружниот комитет за Велес, Тиквеш и  Штип. Во август 1944 година Вера Ацева учествува на Првото заседание на АСНОМ, на кое била избрана за член на Президиумот.

По Ослободувањето Вера Ацева извршувала низа партиски и државни функции. Била член на ЦК на КПМ и на ЦК на КПЈ, член на Претседателството на АСНОМ и министер во македонската Влада. Редовно била избирана за републички и сојузен пратеник.

Во 1948 година Ацева била избрана за прва жена градоначалник на град Скопје, а во 1960 година влегла во конфликт со Лазар Колишевски, тогашен секретар на сојузот на комунистите на Македонија. Таа му замерува на Колишевски и Видое Смилевски Бато дека носеле одлуки надвор од Извршниот комитет на СКМ. Но на страната на Колишевски застанал Александар Ранкович и Ацева била отстранета од Скопје и бил принудена да замине на работа во Белград.

Вера Ацева умира на 10 ноември во Скопје 2006 година. Таа е носител на повеќе југословенски одликувања, меѓу кои: Орден заслуга за народ од прв ред, Орден на братсво и единство од прв ред, Орден за храброст и др. Со Орденот народен херој одликувана на 27 ноември 1953 година.